РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1949/1
11-07-2025 р./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2517/1 од 24.09.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за неправилности во спроведување на постапка по јавен оглас за вработување во ЈЗУ /// - ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, а воедно, поради промена на околностите, надмината е состојбата на која се однесуваат наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот.

Предметот со број 12-2517/1 од 25.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 24.09.2024 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во спроведување на постапка по јавен оглас за вработување во ЈЗУ /// - ///, и оформен е предмет број 12-2517/1 од 24.09.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непочитување на Одлука на Владата на Република Северна Македонија од 28.06.2024 година, за запирање на постапки за вработување по издадени согласности од Министерството за финансии за 2024 година, издадени до 14.02.2024 година.
Според изнесеното во пријавата, директорот на ЈЗУ /// - /// ///, со согласност од Министерството за финансии од 13.02.2024 година, на ден 20.08.2024 година распишал оглас за вработување на неопределено време на /// и ///, која постапка

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

била целосно завршена со донесување на одлука за избор и склучување на договори.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до ЈЗУ /// - ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Претставка со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК врз чија основа е оформен предметот со број 12-2517/1 од 24.09.2024 година била доставена и до Државниот инспекторат за труд, којшто над субјектот ЈЗУ /// П.О. /// извршил вонреден инспекциски надзор. При вонредниот инспекциски надзор бил изготвен Записник број /// од /// година, со фактичка состојба која упатува на следното:

Во рамки на постапка спроведена по јавен оглас број /// објавен на 20.08.2024 година, за вработување на работници на неопределено време – /// и ///, по обезбедена Согласност за вработување од Министерството за финансии од 13.02.2024 година, од страна на Комисија за селекција формирана со Решение од 20.08.2024 година, бил составен Записник за извршена проверка на документите на пријавените кандидати, по што со Одлука од 29.08.2024 година од страна на в.д. директорот бил избран по еден кандидат за секое од двете огласени работни места.

При инспекцискиот надзор, од страна на в.д. директорот на ЈЗУ /// П.О. /// /// било изјавено дека за заклучокот на Владата од 28.06.2024 година тој не бил известен сè до добиеното известување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, од каде добил известување дека избраните кандидати не можат да се пријават во задолжително социјално осигурување и дека со истите не може да се склучат договори за вработување. Следствено, на ден 17.09.2024 година в.д. директорот донел Одлука за поништување на Огласот /// за вработување на двајца работници на неопределено време, што при надзорот било утврдено врз основа на приложена Одлука бр./// од /// година за поништување на Огласот бр.///.

При вонредниот инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд било утврдено дека в.д. директорот на ЈЗУ /// П.О. ///, спротивно на забраната за водење на постапки за вработување во јавниот сектор според заклучокот на Владата, распишал јавен оглас за вработување на неопределено време на двајца работници, формирал комисија за селекција и донел одлука за избор на кандидати. Со оглед на тоа што со Одлуката за поништување на огласот

постапката била завршена, од страна на државниот инспектор за труд била констатирана неможност за изрекување на инспекциска мерка.

Имајќи предвид дека постапката за вработување по огласот број /// на ЈЗУ /// П.О. /// објавен на 20.08.2024 година, за вработување на работници на неопределено време – /// и /// била предмет на вонреден инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд при кој надзор биле земени предвид околностите на кои е укажано во пријавата врз чија основа е оформен предметот, а воедно, имајќи предвид дека в.д. директорот на ЈЗУ /// П.О. /// донел одлука за поништување на Огласот бр./// што упатува на променета фактичка состојба, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П.,раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата